# Услови за осигурување на ризикот откуп на странски фалсификувани средства за плаќање при вршење на менувачки работи

Друштво за осигурување UNIQA а.д. Скопје, ул. Маркс и Енгелс 3, 1000 Скопје, тел. 02 3109 060. факс 02 3215 128, www.uniqa.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 15.10.2004 година и со одлука бр.06/04-3 се применуваат од денот на донесувањето.

**Член 1**

**Предмет на осигурување**

Предмет на осигурување според овие услови, е ризикот откуп на фалсификувани странски средства за плаќање при вршење на менувачки работи согласно важечката законска одлука за условите и начинот за добивање на дозвола и вршење на менувачки работи и надоместок на штети при настанување на овој ризик.

Под странски средства за плаќање, во смисла на овие услови, се сметаат ефективни странски пари, патнички и банкарски чекови и кредитни писма кои осигуреникот има право да ги откупи.

Со осигурување ид став 1 од овој член, се опфатени и менувачки работи во меѓународни возови, фри-шопови, туристички агенции и други организации кои вршат откуп на странски средства за плаќање, ако за истите постои посебно одобрување.

**Член 2**

**Осигурително покритие**

Осигурувачот го покрива осигуреникот до висина на утврдениот фалсификат на странското средство за плаќање во текот на периодот на осигурување.

За остварување на правото од претходниот став, осигуреникот е должен, на осигурувачот до 10ти во секој месец за изминатиот месец да му достави писмен извештај по видови на ефективни странски пари за реализираното купување на странски средства за плаќање, односно за претходното тримесечие ( зависно од тоа како е договорено во полисата ).

**Член 3**

**Премија за осигурување**

Премијата за осигурување се пресметува според тарифата на премии на осигурувачот и се искажува во полисата за осигурување.

Премијата се плаќа на начин и во рокови утврдени во полисата.

Ако пресметаната годишна премија е под 120 Евра во денарска противвредност, осигуреникот е должен на име минимална премија да плати 120 Евра во денарска противвредност, пресметана според курсот на народната банка на република македонија на денот на фактурирањето.

**Член 4**

**Право на надомест на штета**

Осигуреникот има право на надоместок на штета, ако при откупот на фалсификувани странски средства за плаќање се придржувал кон условите предвидени во одлуката за условите и начинот на вршење на менувачки работи, упатствата на Гувернерот на Народна Банка на Република Македонија, упатствата за патнички чекови и интерните упатства.

Осигуреникот е должен при купување на странски средства за плаќање, на продавачот да му издаде образец за извршеното купување, утврден од Народната Банка на Република Македонија.

**Член 5**

**Доставување на оштетно побарување**

Во случај на штета која резултира од откупено фалсификувано странско средство за плаќање, осигуреникот доставува барање за оштета кон кое ги прилоќува следниве докази:

**(а)** потврда или записник за утврдениот фалсификат издадени од страна на овластена банка на Република Македонија, или кореспондентска странска банка и копија од пријавата и извештајот од Министерството за внатрешни работи за утврдениот фалсификат.

**(б)** фотокопија од фалсификуваното странско средство за плаќање.

**Член 6**

**Исплата на штета**

Осигурувачот во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на комплетираното оштетно барање е должен да му ја надомести штетата на осигуреникот. Во спротивно плаќа законска затезна камата за задоцнување. Штетата се надоместува во денари, според курсот по кој е пресметана премијата за осигурување при откупот на фалсификуваните средства за плаќање.

**Член 8**

Осигурувачот има право да врши проверка на податоците за прометот на менувачките работи кои се предмет на осигурување. Ако осигурувачот утврди грешка, има право да пресмета додатна премија. Ако се утврди дека намерно се прикрива прометот, има право да го раскине осигурувањето и да го одбие оштетното побарување, или да изврши сразмерен надомест на штета.

**Член 9**

**Регресно право**

Со исплатата на штетата, осигуреникот на осигурувачот му ги пренесува сите права спрема лица одговорни за причинувањето на штетата. Особено спрема лицето од кое се откупени фалсификуваните странски средства за плаќање, ако тоа е познато.

**Член 10**

**Траење и отказ на осигурувањето**

Осигурувањето се склучува со траење од една година, или на неодредено време.

Ако осигурувањето по овие услови е склучено на неодредено време, осигуреникот има обврска секоја година да дава податоци за остварениот промет и да ја плати фактурираната премија во договорените рокови.

Секоја договорена страна, во текот на траењето на договорот, може да го откаже договорот – полисата, по пат на известие со препорачано писмо и отказен рок од триесет (30) дена од стасаноста на премијата.

**Член 11**

**Решавање на спорови**

Во случај на спор помеѓу осигуреникот и соигурувачот надлежен е судот во седиштето на осигурувачот.

**Член 13**

**Преодни одредби**

Ако некои работи не се регулирани со овие услови за осигурување, ќе се применуваат соодветни законски прописи.